## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ФИТОФАРМАЦИЈА“ ОД ПРОФ. Д-Р САША МИТРЕВ И АСС. М-Р БИЛЈАНА КОВАЧЕВИЌ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1302-186/6 од 129. редовна седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на 19.9.2016 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Душан Спасов, вонреден професор, Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- д-р Емилија Арсов, доцент, Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

за подготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ПРАКТИКУМ ПО ФИТОФАРМАЦИЈА”** од **проф. д-р Саша Митрев** и асс. м-р Билјана Ковачевиќ, наменет за студентите на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Практикум по Фитофармација” од проф. д-р Саша Митрев и асс. м-р Билјана Ковачевиќ е конципиран и пишуван според Наставниот план и програма на предметот Фитофармација, кој се изучува како изборен предмет на прв циклус студии на ниво на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, во четврта година, седми семестар, како изборен предмет со неделен фонд на часови 2+1+1 и носи 4 кредити, вкупно 120 кредити.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на привремено учебно помагало во вид на скрипта по предметот Фитофармација, е претставена во текст од вкупно 80 страници.

Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Ракописот по обемот и содржината ги задоволува критериумите за скрипта и кореспондира со бројот на часови на предметот Фитофармација за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Скрипта што обработува иста содржина на УГД досега не е објавена. Нормално материјата од некои поглавја помалку или повеќе е застапена и во другите скрипти од биолошките науки, меѓутоа како целина и начин на обработка на материјата ракописот е автентично дело.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на лесен, едноставен и разбирлив јазик. Материјата е конципирана во неколку поглавја и тоа:

**Првиот дел –** *Формулација на пестицидите* дава детален приказ на пестицидите кои се регистрирани и се користат во Македонија.

Физичко-хемиските својства на пестицидните препарати детално се опишани во второто поглавје кое опфаќа десет тематски единици.

Во првите неколку тематски единици наведени во поглавјето за својства на пестицидите е даден детален опис на формулацијата на пестицидите, условите кои треба да ги исполнуваат пестицидите, како и нивната отровност, проследено со практични примери и равенки за пресметување.

Предностите и недостатоците на хемиските методи се целосно опишани во третото поглавје.

Во следните неколку поглавја е направен уреден детален преглед на начините на апликација на пестицидите, како и ознаките (обележувањата) на амбалажата на пестицидите – со строго специфични ознаки за предупредување (во однос на токсичноста и агресивноста на пестицидите).

Шестото поглавје ги опишува поимите за доза и концентрација, дефиниција и начин на пресметување.

Законските регулативи за примена на пестицидите се исто така дел од практичниот водич по фитофармација.

Последното поглавје кратко дава опис на начинот на заштита на човекот и околината од штетното дејство на пестицидите.

## ЗАКЛУЧОК

Материјата обработена во ракописот за скрипта со наслов „Практикум по Фитофармација“ во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Фитофармација, со фонт на часови 2+2+1, вкупно 120 кредити, наменета за студентите на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Според начинот на елаборирање на материјата ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на практично помагало, поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип во совладувањето на овој предмет, како и на секој кој има желба да го прошири своето знаење во областа на средствата за заштита на растенијата.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ракописот „Практикум по Фитофармација” од проф. д-р Саша Митрев и асс. м-р Билјана Ковачевиќ да биде издаден како учебно помагало – практикум за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Душан Спасов, с.р.**
**Доц. д-р Емилија Арсов, с.р.**